# ОПШТИНАТА

# НА ДЛАНКА




**ОПШТИНА ЗА СИТЕ**

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

**ПРЕБАРАЈ ГИ ПОТРЕБНИТЕ ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ТВОЈАТА ОПШТИНА!**

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

**ОТКРИЈ ГИ СИТЕ МОЖНОСТИ ЗА БИЗНИСОТ ВО ТВОЈАТА ОПШТИНА!**

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ


USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ОПШТИНАТА НА ДЛАНКА

ОПШТИНА ЗА СИТЕ!
ЕДНАКВОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ!



**ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ**

Локалната власт е сервис на граѓаните.
Граѓаните имаат право да бидат информирани.
Редовно и навреме информирајте ги, ажурирајте ја веб-страницата и овозможете лесен пристап до сите информации.

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# 5 ЧЕКОРИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ЛОКАЛНО НИВО

## КОМУНИЦИРАЈТЕ РЕДОВНО

Информирањето за состаноци, одлуки и важни настани на општината преку социјалните медиуми е од големо значење. Овој директен начин на комуникација ги поврзува граѓаните со локалната власт и им овозможува учество во креирањето на одлуките.

Споделете агенди, пренесете состаноци од советот во живо и документирајте ги процедурите за состаноци. Ова го приближува демократскиот процес до граѓаните и го отстранува сомнежот за неискреност или сокривање информации од страна на локалните власти. Овозможувањето пристап до состаноци им влева доверба во работата на општината и ја зголемува можноста за учество на граѓаните.

## ОБЕЗБЕДЕТЕ ОНЛАЈН ПОРТАЛИ ЗА ЈАВНОСТА

Вашата веб-страница не треба да биде само извор на информации. Таа може да прерасне во важен ресурс за сите општински активности и за граѓаните да најдат корисни податоци. Преку употребата на соодветен софтвер и пренос на состаноците во живо, овозможувате граѓаните да пристапат до финансиски извештаи, информации за напредокот на проектите и детали за одлуките на општината.

Документирањето на гласањата на членовите на советот на веб-страницата е суштински инструмент за транспарентност. Овозможува преглед на начинот на донесување на одлуките и го потврдува ангажманот на општината за отвореност и отчетност во работата.

Клучно е информациите за работата на локалната самоуправа да бидат добро организирани, ажурирани и точни, за лесно пребарување од страна на граѓаните. Ова ја зголемува довербата на граѓаните во работата на општината и ја подобрува транспарентноста и отчетноста кон нив.

## ПРОМОВИРАЈТЕ КУЛТУРА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Транспарентна локална самоуправа не се постигнува само со воведување правила нејзината вистинска сила лежи во културата на транспарентност што треба да биде вградена во срцето на општината. Овој пристап бара од секој што работи во општината, од советниците до канцелариските персонал, да ја негува културата на отвореност и чесност во секојдневната работа.

Поттикнувајте ги вработените да преземаат  одговорност за своите одлуки и да прават искрени процени за подобрување на својата ефикасност. Дајте им можност за признавање на грешките без страв од последици и наградете  го транспарентното однесување на персоналот.

Кога транспарентноста ќе биде важна во сите делови на општината, таа култура ќе се прошири и кај јавноста, зголемувајќи ја довербата кај жителите.

## ЈАСНО ОБЈАСНЕТЕ ГИ ФИНАНСИИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

Финансиите се една од најважните области на работата на локалната самоуправа кога станува збор за транспарентност. Кога ракувате со јавни пари, треба да бидете отворени и да покажете дека ги користите во интерес и за доброто на граѓаните. Луѓето разбирливо се вознемируваат поради отпадот и уште полошо, поради корупцијата.

За да промовирате транспарентност и отчетност во финансиското известување, клучно е да обезбедите јасни и лесно разбирливи финансиски информации и за граѓаните, како што е граѓанскиот буџет.  Ова може да им помогне на граѓаните да добијат подобро разбирање за тоа како се трошат нивните пари.

## БАРАЈТЕ МИСЛЕЊЕ ОД ГРАЃАНИТЕ

Барањето и примањето повратни информации од граѓаните претставува одличен чекор за подобрување на транспарентноста во локалното управување. Кога граѓаните имаат можност да споделуваат свои мислења, предлози или дури и критики, тоа покажува дека нивните претставници се внимателни кон потребите и ставовите на заедницата.

Слушањето повратни информации им овозможува на локалните власти да ја демонстрираат својата посветеност за застапување на интересите на граѓаните. Ова го подигнува чувството на доверба и отвореност, а граѓаните се чувствуваат вклучени во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Еден од начините за постигнување на ова е преку организирање форуми за дијалог со граѓаните.

Транспарентноста на локално ниво ја подобрува довербата во локалните власти и го охрабрува учеството на деловната заедница и граѓаните во одлучувањето. Исто така, значително помага во намалувањето на корупцијата и судирите на интереси.

Кодексот за транспарентност на локално ниво обезбедува информации што треба да бидат јавно достапни на веб-страницата на општината. Неговата цел е да го подобри нивото на отчетност и транспарентност на локалната власт, преку јасно дефинирање на главните извори на информации и на начинот на нивно претставување.

Информации од јавен карактер што треба да бидат објавени на веб-страницата на општината

| | |
|---|---|
| За општината | Органи на општината |
| Комисии/ тела на општината | Администрација |
| Службени гласници на општината | Услуги |
| Документи | Даноци и такси |
| Јавни набавки и јавни повици | Проекти на територијата на општината |
| Урбанизам | Локален економски развој |
| Животна средина | Култура и спорт |
| Социјална заштита | Образование и детска заштита |
| Јавни претпријатија | Општината и граѓаните |
| Слободен пристап до информации од јавен карактер | Политика на интегритет |
| | Сервисни информации |
| Односи со јавноста | Контакт со општината |
| Отворени податоци | Корисни линкови |

**ПРОЧИТАЈТЕ ПОДЕТАЛНО ВО КОДЕКСОТ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО НА QR-КОДОТ**

Овој леток е подготвен од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразни во летокот не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# ОПШТИНАТА НА ДЛАНКА



## ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

Преку веб-страницата на вашата општина, вие, граѓаните, сте во средиштето на информациите. Тука може да најдете информации за:

- *вашите права и обврски;*
- *да ги поттикнете властите на одговорност;*
- *да се вклучите во донесувањето одлуки и*
- *да имате олеснет пристап до услугите на јавните институции.*

Пребарајте ги потребните информации на веб-страницата на вашата општина и земете активно учество во нејзиното работење!

Заедно да придонесеме за појасна, отчетна и транспарентна општина!

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ИНФОРМАЦИИ ПОТРЕБНИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

## БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА
Дознајте како се планираат буџетите и како се трошат средствата!

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА
Запознајте се со структурата на општината!

## ОГЛАСИ И НОВОСТИ
Информирајте се за сите актуелни информации од јавен карактер!

## ЈАВНИ НАБАВКИ
Информирајте се за јавните набавки на општината!

## КУЛТУРА И СПОРТ
Откријте ги можностите за рекреација и забава во составот на општината!

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
Запознајте се со мерките, активностите и политиките што ги презема општината!

## ОБРАЗОВАНИЕ И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА
Добијте информации за образованието, и за уписите во училиштата и градинките.

## ФОРМУЛАРИ, ОБРАСЦИ И НАЧИНИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА УСЛУГА
Пребарајте ги потребните документи, и побарајте инструкции за нивно пополнување и аплицирање!

## Е-УСЛУГИ
Можност да ја добиете потребната услуга со еден клик!

Граѓанското учество во креирањето на локалните политики и одлучувањето е од големо значење за демократското управување на локално ниво.

Затоа е важно да се информирате и да се вклучите во јавните состаноци каде што вашето мислење ќе има влијание.

Искористете ги отворените податоци на веб-страницата на општината како ресурс и преземете иницијатива за креирање подобра иднина за сите!

# ЗАПОЗНАЈТЕ ЈА ПОДОБРО ВАШАТА ОПШТИНА И ПРЕЗЕМЕТЕ АКЦИЈА!





Транспарентноста на локално ниво ја подобрува довербата во локалните власти и го охрабрува учеството на граѓаните во одлучувањето. Исто така, значително помага во намалувањето на корупцијата и судирите на интереси.

Кодексот за транспарентност на локално ниво обезбедува информации што треба да бидат јавно достапни на веб-страницата на општината. Неговата цел е да го подобри нивото на отчетност и транспарентност на локалната власт, преку јасно дефинирање на главните извори на информации и на начинот на нивно претставување.

**СКЕНИРАЈТЕ ГО КОДОТ И ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ**

Овој леток е подготвен од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразни во летокот не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# ОПШТИНАТА НА ДЛАНКА

## ИНФОРМАЦИИ ДОСТАПНИ СО ЕДЕН КЛИК



**ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ**

Преку веб-страницата на општината, бизнисите може да добијат пристап до важни информации:

- За нивните права и обврски;
- Кои го олеснуваат нивното дневно работење;
- Кои им овозможуваат лесен пристап до услугите на јавните институции.

Посетете ја веб-страницата на општината, пребарајте и добијте ги потребните информации!
Откријте ги можностите за вашиот бизнис!

Скенирајте го кодот и дознајте кои информации имате право да ги добиете!

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ИНФОРМАЦИИ ШТО МОЖЕ ДА ВИ ПОМОГНАТ ВО БИЗНИС-ОДЛУКИТЕ

## БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА

Дознајте како се трошат вашите пари!

## ОГЛАСИ И НОВОСТИ

Информирајте се за сите актуелни информации од јавен карактер!

## ЈАВНИ НАБАВКИ

Следете ги јавните набавки на општината и конкурирајте!

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Бидете информирани за визијата на општината!

## ФОРМУЛАРИ, ОБРАСЦИ И НАЧИНИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА УСЛУГА

Преземете ги потребните документи, добијте инструкции како да ги пополните и аплицирајте!

## Е-УСЛУГИ

Добијте ја потребната услуга со еден клик!

- Е-даноци
- Е-дозволи
- Е-урбанизам
- Е-одобрение за градење

Со вашето редовно користење на услугите од општината и барање детални и навремени информации, го поттикнувате отчетното и транспарентно работење на општината, односно го потикнувате она што е најдобро за деловната заедница.

Искористете ги можностите на веб-страницата на вашата општина за унапредување на деловното работење!

# ЗАШТЕДЕТЕ ВРЕМЕ И ФИНАНСИИ, ДОБИЈТЕ ИНФОРМАЦИЈА ОД ПРВА РАКА!



Транспарентноста на локално ниво ја подобрува довербата во локалните власти и го охрабрува учеството на деловната заедница во одлучувањето. Исто така, значително помага во намалувањето на корупцијата и судирите на интереси.

Кодексот за транспарентност на локално ниво обезбедува информации што треба да бидат јавно достапни на веб-страницата на општината. Неговата цел е да го подобри нивото на отчетност и транспарентност на локалната власт, преку јасно дефинирање на главните извори на информации и на начинот на нивно претставување.

## СКЕНИРАЈТЕ ГО КОДОТ И ДОЗНАЈТЕ КОИ ИНФОРМАЦИИ ИМАТЕ ПРАВО ДА ГИ ДОБИЕТЕ!

Овој леток е подготвен од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во летокот не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# ОПШТИНАТА
# НА ДЛАНКА

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ ЗА КОДЕКСОТ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО НА СЛЕДНИОТ ЛИНК:

**КОДЕКС ЗА ОПШТИНИ**

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И АКТИВНОСТИТЕ НА СЛЕДНИОТ ЛИНК:

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ



USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа